# Акцент

Младата склупторка **Искра Димитрова**, која домашната ликовна публика ја запозна преку двата мултимедијални проекти реализирани минатата и во 1991 година, деновиве се претстави со нов проект што беше реализиран во Уметничката галерија во Скопје. Станува збор за понатамошна разработка на некои идеи и поседеа - пред сè во доменот на истражувањето на есенцијата на самата уметност, чии извориштa, патем, Димитрова ги бара во синкретизмот меѓу обликовното и ритуалното - што беа присутни и во предходните нејзини ликовни интервенции.

Конкретно, овој пат таа во белиот и пуристички интонираниот ентериер на Уметничката галерија постави две ромбоидни структури (еден од волна, а другиот од земја и камења), всушност некој вид „олтари“. Самата, пак, интервенција се сведе на палење на централниот дел на ромбот од волна, проследено со музичка придружба изведувана на традиционални фолклорни инструменти.

Инаку, се чини дека „враќањето“ на Димитрова во „традиционалните“ галериски простори (поранешните проекти беа реализирани на тврдината Кале и во атриумот на Куршумли ан), наспроти одреденото ограничување во димензиите, обезбеди поголема „читливост“ на двете инсталации поставени во една од салите на Даут пашиниот амам.



28.05.1993
ПУЛС